Врз основа на член 40 став (1) од Закон за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр.32/2020, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2024 год., донесе

# ПРОГРАМА
## За изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2025 год.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат планските документи кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места ( ГУП и ДУП за градот Гевгелија, УП за село, УП за подрачјето вон насено место, Урбаностички Проекти) во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбани бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културно наследство и отварање на нови локации за:

- А - Домување;
- Б - Комерцијални и деловни намени;
- В - Јавни институции;
- Г - Производство, дистрибуција и сервиси;
- Д – Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простири;
- Е – Инфраструктура;

Преку донесените урбанистички планови општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, феклани и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистички планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништо, архитектура и заштита на животната средина врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите за важност на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните субјекти доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финасира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се предвидени **2.000.000,оо денари.**

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни субјекти кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

**II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

**1. Измена и дополнување за ГУП на град Гевгелија**

**1.2 Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на Детален урбанистички план за блок 15.12, блок 15.13 и блок 15.16**

**1.3 Измена и дополна на Генерален урбанистички план за блок 10 и Измена и дополна на Детален урбанистички план за блок 10 (дел од блок 10.5, КО Гевгелија) општина Гевгелија**

**2. Изработка на ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за град Гевгелија по блокови, ревизија и измена на донесени Детални урбанистички планови.**

**2.1 Урбан Блок 1**

- Поделен е на шест дела (**1.1**; **1.2**; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6)
- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул.Слободан Митров Данко, ул.Таљა Бикова, ул.Мирче Ацев, ул.Новопланирана 5 и ул.Петар Мусев
- Површина на опфат:63 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- намена на просторот: А1-домување во станбени куќи, В -јавни институции, В1 -образование и наука, АБВ -градски центар, Е1 0 комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 1.3; 1.4; 1.5 и Блок 1.6.
Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

**Во постапка на донесување на ДУП за дел од Блок 1.5 КО Гевгелија со површина од 2,03ha.**

**2.2 Урбан Блок 2**

- Поделен е на три дела (**2.1; 2.2**; 2.3; 2.4)
-Граници на опфатот на Блокот: ул.Слободан Митров Данко, ул. Борис Кидрич, ул. Новопланирана 2, ул. Новопланирана 5, ул.Мирче Ацев и ул. Таља Бикова.
- Површина на опфат: 40,8 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план;
- намена на просторот: А1-домување во станбени куќи, А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени, В1 образование и наука, АБ комерцијална зона Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Д4 меморијални простори, Е2 комунална супраструктура-автобуска станица,Е1 комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 2.3 и Блок 2.4.
Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

**2.3 Урбан Блок 3**

- Поделен е на три дела (**3.1**; 3.2; 3.3)
- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на Бул. Гевгелија, ул. Борис Кидрич, ул. Слободан Митров Данко и ул. 7-ми Ноември.
- Површина на опфат: 26,3 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план;

- намена на просторот: А1-домување во станбени куќи, А2 домување во стамбени згради Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, В2 здравство и социјална заштита, АБ ( Komercijalna зона ) Е2 комунална супраструктура - катна гаража, Е2 комунална супраструктура - бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1 комунална инфрасруктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 3.2 и Блок 3.3.
Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

### 2.4 Урбан Блок 4

- Поделен е на пет дела (**4.1; 4.2; 4.3; 4.4**; 4.5)
- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на Булевар Гевгелија, ул.7-ми Ноември, ул. Слободан Митров Данко, ул. Новопланирана 11 и ул. Западна 1.
- Површина на опфат: 49,5 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план;
- намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, АБ (комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 4.5.
Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.
**Во постапка на донесување на ДУП за дел од Блок 4.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија.**

### 2.5 Урбан Блок 5

- Поделен е на шест дела (5.1; 5.2; **5.3**; 5.4; 5.5; **5.6**)
- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул. Новопроектирана 11, ул.Слободан Митров Данко, ул.Петар Мусев, ул.Новопланирана 5, ул.Новопланирана 4, ул.Маршал Тито и ул. Западна 1.
- Површина на опфат: 50,1 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- намена на просторот: А1-домување во станбени куќи, А2 домување во стамбени згради, АБ (комерцијална зона), Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.
Се предвидува изработка на ДУП за Блок 5.1; 5.2; 5.4 и Блок 5.5.

**Во постапка на донесување на Измена и дополнување на дел од Урбанистички план за блок 5.3 и 5.6, КО Гевгелија, општина Гевгелија**

### 2.6 Урбан Блок 7

- Поделен е на пет дела (7.1; 7.2; 7.3; 7.4; **7.5**)
- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул.Новопланирана 3, ул. 7-ми Ноември, Бул. Гевгелија и ул. Западна 1.
- Површина на опфат: 61,0 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- намена на просторот: А1-домување во станбени куќи, А2 домување во стамбени згради, В4 државни институции, АБВ (локален центар), АБ ( комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 7.4.

Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

**Во постапка на донесување на ДУП за Блок 7 (7.2) КО Гевгелија, општина Гевгелија со површина од 14,76 ha.**

**Во постапка на донесување на ДУП за Блок 7 (7.1) КО Гевгелија, општина Гевгелија со површина од 10,94 ha.**

**Во постапка на донесување на ДУП за Блок 7 (7.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија со површина од 2,1 ha.**

**2.7 Урбан Блок 8**

- Поделен е на четири дела (8.1; 8.2; 8.3; 8.4;);
-Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул.Новопланирана 5, ул. Новопланирана 2, граница на ГУП и Ул. Новопланирана 4.
- Површина на опфат: 48,5 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- намена на просторот: А1-домување во куќи, А2-домување во станбени згради, Б-комерцијални дејности, В1-јавни дејности, Д2-парковско зеленило, Д3-спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 8.1; 8.2; 8.3 и Блок 8.4.

**2.8 Урбан Блок 10**

- Поделен е на пет дела (**10.1; 10.2**; **10.3, 10.4, 10.5**);
-Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул.„7 ми Ноември“, ул. Новопланирана 8, ул. Новопланирана 3, ул. „Борис Кидрич“ и Булевар Гевгелија
- Површина на опфат: 77,7 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- намена на просторот: А1-домување во куќи, А2-домување во станбени згради, Б-комерцијални дејности, В-јавни дејности, Г-индустрија, Д2-парковско зеленило, Д3-спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

**Во постапка е изработка на Измена и дополнување на Детален урбанизстички план за дел од блок 10.5 КО Гевгелија, општина Гевгелија.**

**Измена и дополна на Генерален урбанистички план за блок 10 и Измена и дополна на Детален урбанистички план за блок 10 (дел од блок 10.5, КО Гевгелија) општина Гевгелија**

**Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од блок 10.2, општина Гевгелија**

**2.9 Урбан Блок 11**

- Поделен е на три дела (11.1; **11.2**; **11.3**)
- Граници на опфатот на Блокот: Граница на ГУП, клучка на А1- за Гевгелија, осовина на Бул. Гевгелија и ул. Борис Кидрич.
- Површина на опфат: 45,2 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план
-намена на просторот: Б-комерцијални и деловни намени, Г2,Г3Г4-производство, дистрибуција и сервиси, Д2 заштитно зеленило, Е2- комунална супраструктура бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1-комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 11.1
Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

### 2.13 Урбан Блок 13

- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул. Новопланирана 3, граница на ГУП;
- Површина на опфат: 24,5 ha;
- Фаза: Нацрт и Предлог план;
- намена на просторот: Д2- заштитно зеленило, Д4 - меморијални простори, Е1 - комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 13.

### 2.14 Урбан Блок 14

-Поделен е на пет дела (**14.1; 14.2**; 14.3; 14.4; 14.5):
- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул.Новопланирана 4, граница на ГУП, УЛ. Новопланирана 2, граница на ГУП.
- Површина на опфат: 45,2 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план;
- намена на просторот: А1-домување во станбени куќи, Б- комерцијални и деловни намени, Г2,Г3,Г4 - производство, дистрибуција и сервиси, Д2- заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација, АБ-комерцијална зона, Е1- комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 14.3; 14.4 и Блок 14.5.
Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

### 2.15 Урбан Блок 15

- Поделен е на пет дела во ГУП, а со регулациски план се: (15.1; 15.2; 15.3; 15.4; 15.5, 15.6, 15.7, 15.8, 15.10**,** 15.11, 15.12, 15.13, 15.14, 15.15, 15.16 15.17);
- Граници на опфатот на Блокот: Осовина на ул. Новопланирана 1, ул.Западна 1, ул. Новопланирана 1, граница на ГУП и ул. Новопланирана 10.
- Површина на опфат: 68,4 ha
- Фаза: Нацрт и Предлог план;

намена на просторот: А1 - домување во стамбени куќи, Б - комерцијални и деловни намени, В1- образование и наука, В5 -верски институции, АВБ- локален центар, АБ- комерцијална зона, Д3 - спорт и рекреација, Е1 - комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 15.3; 15.4; 15.5; 15.6; 15.7; 15.8; 15.12; 15.13; 15.14; 15.15; 15.16 и Блок 15.17.
Се предвидува изработка на измена на ДУП по блокови.

**Во постапка на донесување на ДУП за Блок 15.1 и 15.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија КО Гевгелија, општина Гевгелија со површина од 12,47 ha.**
**ДУП за Блок 15.9 КО Гевгелија, општина Гевгелија КО Гевгелија, општина Гевгелија со површина од 2.1 ha.**
**Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на Детален урбанистички план за блок 15.12, блок 15.13 и блок 15.16.**
**Измена и дополна на Детален урбанистички план за блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија со површина од 1,96 ha.**

**2.17 Урбан Блок 17**

- Поделен е на два дела (17.1; 17.2);
- Граници на опфатот на Блокот: Граница на ГУП, осовина на ул. Западна 1 и ул. Новопланирана 10.
- Површина на опфат: 41,8 ha;
- Фаза: Нацрт и Предлог план;
- намена на просторот: А1 - домување во индивидуални стамбени куќи, АБ-комерцијална зона, Е1 - комунална инфраструктура.

**Забелешка:** Се предвидува изработка на ДУП за Блок 17.1 и Блок 17.2.

**3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО**

3.1 Урбанистички план за село Ново Конско.
3.2 Урбанистички план за село Кованец.
3.3 Урбанистички план за село Серменин.
3.4 Урбанистички план за село Ума.
3.5 Урбанистички план за село Смоквица.
3.6 Урбанистички план за село Петрово.
3.7 Урбанистички план за село Габрово.

**Забелешка: Во постапка на донесување се: УП за село Миравци, УП за село Мрзенци, УП за село Негорци и УП за село Конско.**
**Во постапка на донесување на Измена и дополнување на УП за с.Прдејци , Блок 5 КО Прдејци, општина Гевгелија КО Гевгелија, општина Гевгелија со површина од 1,16 ha.**

**4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

4.1 Измена и дополнување на дел од Блок 7 од УПВНМ за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-граничен премин Богородица, општина Гевгелија.
4.2 Урбанистички план вон населено место-локалитет Конска брана.
-Површина на опфат: 63,55 ha
4.3. Урбанистички план вон населено место, индустриска зона Блокотехна КО Негорци, општина Гевгелија.
-Површина на плански опфат 22,6 ха.
4.4 Урбанистички план вон населено место, индустриска зона Блокотехна II КО Негорци, општина Гевгелија.

**Забелешка:Во постапка е:**
**УПВНМ-локалитет Конска брана, општина Гевгелија.**
**Измена и дополнување на дел од Блок 3 од УПВНМ за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-граничен премин Богородица, општина Гевгелија.**

**5. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ**

***Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува за потребите на општина Гевгелија и за потребите на граѓаните и за потребите на правните субјекти*** за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, согласно член 58 од

Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23,171/24 и 224/24).

**Забелешка: Се предвидува изработување на УП по иницијатива на општината и по иницијатива на физички и правни лица.**

***Урбанистичките планови ќе се донесат во постапка пропишана во член 37 и член 38 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020).***

**6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Во текот на годината, во зависност од стратегијата на општина Гевгелија и доставените иницијативи од физички и правни лица, Годишната програма за изработка на урбанистички планови може да се изменува и дополнува, со предходна согласност од Советот на општина Гевгелија.
- За реализација на оваа програма се задолжени: Градоначалникот на општина Гевгелија, Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија, Советот на општина Гевгелија, Комисија за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, согласно член 38 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20) и Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија.
- Годишната програма ке биде објавена во службено гласило на општина Гевгелија, во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на оппштина Гевгелија
- Составен дел на Годишната програма за изработка на урбанистички планови е и анализата на степен и начин на спроведување и реализација на урбанистичките планови на подрачјето на општина Гевгелија.
- Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1603/1<br>26.12.2024<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх**<br>**с.р.**